# ПРВА ОСУДИТЕЛНА ПРЕСУДА ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

КРАТОК ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики
# Прва осудителна пресуда за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација

## Хелсиншки комитет за човекови права

## Скопје
## мај, 2025

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by
the European Union

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во 2024 година беше забележан значаен напредок во институционалниот и судскиот одговор на делата од омраза и дискриминација врз основа на сексуална ориентација. Преку мониторингот на случаи, анализата на судската пракса и тековната соработка помеѓу обвинителствата и граѓанскиот сектор, се идентификуваат клучни трендови, предизвици и препораки за понатамошно унапредување на системот за заштита на човековите права.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- Првпат во РСМ беше изречена пресуда за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација, со која лицето беше огласено за виновно за ширење на расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем.
- Пресудата експлицитно се повикува на меѓународни стандарди, вклучително и случаи од Европскиот суд за човекови права, Протоколот за сајберкриминал и Рамковната одлука на ЕУ.
- Назначен е јавен обвинител во ОЈО Скопје за следење предмети поврзани со говор на омраза и дискриминација, што претставува системски чекор кон посветеност и подобра специјализација на институциите.
- Спроведени се обуки за претставници на институции, новинари и граѓански активисти за препознавање, документирање и пријавување на говорот на омраза.

# Пресуда

Основниот суд во Неготино, како надлежен првостепен кривичен суд, одлучувајќи по обвинителен предлог на Основното јавно обвинителство Кавадарци, а по кривична пријава од Квир Центар, против лицето С.М. од општина Демир Капија, за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од чл. 394-г ст. 1 од Кривичниот законик, на 15 март 2024 г. донесе пресуда дека обвинетиот е виновен за делото за кое се товари. По повторување на постапката поради одлука на апелациониот суд и враќање на повторно одлучување, првостепениот суд повторно донесе осудителна пресуда против обвинетиот.

Обвинетиот, во јули 2023 година, на социјалната мрежа Фејсбук под споделена медиумска содржина има напишано два коментари со вознемирувачки говор на омраза кон ЛГБТИ+ заедницата, во кои се повикува на насилство кон оваа маргинализирана група.

Со тоа обвинетиот сторил кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од чл. 394-г ст. 1 од Кривичниот законик, па судот му изрече алтернативна мерка – условна осуда, казна затвор во траење од три месеци. Утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од една година по правосилноста на пресудата не стори друго кривично дело.

Ова е прва осудителна пресуда во судската пракса на Македонија со која се санкционира говор на омраза врз основа на сексуална

ориентација, иако уште од февруари 2014 година со измените и дополнувањата на Кривичниот законик, говорот на омраза е класифициран како кривично дело, па оттаму се забранува и казнува говор на омраза и ширење на материјали преку интернет кои промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз која било дискриминаторска основа. Според чл. 394-г ст. 1 од КЗ, за ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, предвидена е казна со затвор од една до пет години за секој што ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост, врз некоја дискриминаторска основа, вклучително врз основа на припадност на маргинализирана група.

## Номиниран јавен обвинител

Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје донесе одлука со која номинира еден јавен обвинител од ОЈО Скопје кој ќе биде задолжен да го следи постапувањето во предметите за кривични дела од омраза и дискриминација – соопштија од ОЈО Скопје. Номинирањето на јавната обвинителка Емилија Мизо Димков е на иницијатива на здружението Квир Центар, кое иницира формирање мрежа од невладини организации за потесна соработка меѓу граѓанскиот сектор и јавното обвинителство во постапувањето по предметите за кривични дела од омраза и дискриминација, за што е најавена поддршка и од Советот на Европа. Номинираната јавна обвинителка од ОЈО Скопје ќе има надлежност да го следи постапувањето во предметите и да остварува контакт со пријавителите и со невладините организации што ги претставуваат интересите на лицата кои се јавуваат во својство на оштетени во предметите. Ова е прв пат ОЈО Скопје да назначи обвинител што ќе има такви ингеренции во справувањето со делата од омраза и нивното процесирање во кривично-правниот систем.

## Клучни предизвици

- Недоволна информираност на јавноста и професионалците за разликата помеѓу говор на омраза и слобода на изразување.
- Проблеми со идентификација на жртвите и заштита на нивните права.
- Ограничени капацитети во институциите за проактивно следење и санкционирање на вакви дела, особено во рурални средини.

## Заклучок

Пресудата и иницијативите спроведени во 2024 година претставуваат значаен чекор напред во борбата против говорот на омраза. Потребно е да се обезбеди континуитет, институционална стабилност и политичка волја за да се обезбеди вистинска и одржлива заштита на човековите права на сите граѓани.

## ПРЕПОРАКИ

- Институционализирање на специјализирани јавни обвинители во сите поголеми обвинителства.
- Редовна обука на судии, обвинители и полицајци за делата од омраза и дискриминација, со посебен фокус на ЛГБТИ заедницата.
- Спроведување на кампањи за јавна свест и едукација за правата на маргинализираните групи и штетите од говорот на омраза.
- Зајакнување на механизмите за соработка помеѓу граѓанскиот сектор и правосудните институции.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА